**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-678/12**
**21.10.2022 година**
**С К ОП Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник" бр.82/18 и бр.178/21) и 17 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, Наставно-научниот совет на единицата Факултет за безбедност - Скопје, на седницата одржана на ден 21.10.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за дополнителна ноемвриска сесија во академската 2022/2023 година

1. Се утврдува дополнителен испитен рок (испитна сесија) за студентите на Факултет за безбедност - Скопје, во месец **НОЕМВРИ (**ноемвриски испитен рок) во академската 2022/2023 година.

2. Студентите во ноемвриски испитен рок можат да полагаат само презапишани предмети од непарните семестри и запишани (и презапишани) предмети од парните семестри, со уплата на надомест во износ од 1.000,00 денари по предметна програма (испит).

3. Право на користење на ноемврискиот испитен рок (испитна сесија) имаат студентите на Факултетот за безбедност - Скопје, со статус апсолвент, (кои имаат евидентирано апсолвентски стаж за академската 2022/2023 година), а имаат заостанати-неположени испити, без оглед во кој семестар е предметната програма, без уплата на надомест за полагање (по прв пат).

4. Студентите по завршувањето на дополнителниот ноемвриски испитен рок ќе можат да запишат нови предмети од соодветните непарни семестри најмногу до бројот на освоените кредити од повторно запишаните предмети што ги положиле во дополнителниот ноемвриски испитен рок.

5. Пријавувањето на испитите е од 07.11.2022 година до 11.11.2022 година.
   Испитната сесија трае од 21.11.2022 година до 07.12.2022 година.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Примерок од Одлуката да се достави до: Продеканот за настава, Координаторот за ЕКТС на Факултетот, Одделение за студентски прашања, да се истакне на огласна табла и објави на ВЕБ страницата на Факултетот и архива.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Никола Дујовски**

Изработил
М-р Цветанка Радиновска Панова